# Australian Macedonian TODAY

33 YEARS

Австралиско Македонски ДЕНЕС

YEAR XXXIV No 1948 16 FEBRUARY 2024 FREE





FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe


# 100.000 ЛИЦА СЕ ФОТОГРАФИРАНИ АМА ЧЕКААТ ЗАШТО НЕМА БЛАНКО-ПАСОШИ

## ЕДНО ЛИЦЕ ЗАГИНА, ПОВРЕДЕНИ 5 ПОЖАРНИКАРИ:








# СИЛНО НЕВРЕМЕ ЈА ЗАФАТИ ВИКТОРИЈА

Невремето со силен ветер и грмежи предизвика пожари во кои се повредени пет пожарникари, а властите соопштија дека еден маж починал во Mirboo North, во јужен Гипсланд, откако бил погоден од предмети што летале со силниот ветер.

Половина милион објекти во вторник останаа без струја, а околу 170.000 домаќинства и бизниси сè уште се без струја, соопшти премиерката Џасинта Алан. Железничките линии во Мелбурн беа прекинати, а затворени беа 10 училишта и повеќе градинки.

види стр. 3

## Сомнежи и резерва:

# МИНИСТЕРОТ ТОШКОВСКИ НАРЕДИ НОВА ДЕТАЛНА ИСТРАГА ВО СЛУЧАЈОТ СО УБИСТВАТА НА ЃОРЧЕВСКА И ЖЕЖОВСКИ





# МАКЕДОНИЈА ЛАНИ УВЕЗЛА ХРАНА ЗА A$1.6 МИЛИЈАРДИ

# Бесплатна ќе биде замената на возачките и сообраќајните дозволи, исто и патните листови за дијаспората




Замената на возачките и сообраќајните дозволи поради промената на уставното име ќе се врши бесплатно, а без надомест ќе бидат издавани и патните листови на македонските државјани во странство кои треба да се вратат заради промена на личните документи. Во државите каде нема дипломатско конзуларни претставништва издавањето на патните листови ќе биде он-лајн и со достава преку пошта. Многу ДКП јавија дека немаат обрасци за патен лист.

Инаку цената за промена на возачка дозвола е 580 денари, на сообраќајна дозвола (каде што се податоците за возилото и неговата годишна регистрација) 920 денари додека патниот лист е 30-36 евра (во зависност дали пасошот (не)бил истечен).

Најавена е и награда во висина од една плата за вработените во управните служби за ангажманот при издавањето документи.

### Пратениците изгласаа возачките дозволи да важат до декември

Собранието по експрес-постапка (за едно попладне ем предлог, ем комисии, ем две читања ем гласање) и со 90 гласа „за“ ги донесе законските измени според кои крајниот рок за замена на возачките дозволи со ознака „Република Македонија“ ќе биде до крајот на годината, односно 31 декември 2024.

Јавноста остана шокирана дека и возачките дозволи со старото уставно име престануваат да важат. **Наеднаш 272 илјади лица останува без право да возат!?!?** Поради експлозијата од незадоволство Владата и пратениците реагираа експресно. Остана нејасно зошто истото не го сторија и за продолжување на пасошите и личните карти.

### Останува кодот МК на сообраќајните дозволи и на други документи

МНР информира дека „во согласност со Договорот од Преспа кодот NMK се употребува исклучиво за регистарските таблички на возилата. За сите други намени кодот за земјата е MK и MKD, согласно Меѓународната организација за стандардизација (ИСО) и како таков стои во документите издадени од Република Северна Македонија, меѓудругото и во патни исправи, лични карти, возачки и сообраќајни дозволи“.

МНР стапило во контакт со грчката страна, и во Скопје и во Атина, укажувајќи за ова прашање. „Добиено е уверување дека тоа не е и нема да биде проблем“, соопштија од МНР.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au

# Рекордни девизни резерви на НБМ - скоро A$7.5 милијарди

На крајот на 2023 година девизните резерви во Нардоната банка на Македонија изнесувале A$7.48 милијарди. Тоа е рекордна вредност на македонските државни резерви од осамостојувањето на земјата, покажуваат официјалните податоци на централната банка.

Инаку, Македонија со осамостојувањето во сега далечната 1991 година својот пат во независноста го зачекори без ниту една марка, фунта или долар. Првите девизи во централната каса влегоа од извозот на нашето национално богатство – тутунот.

Девизните резерви на Македонија се состојат од: монетарно злато, кеш во девизи, хартии од вредност издадени од други држави (пред се од германската централна банка н.з.) и други финансиски инструменти. Најголемо учество имаат хартиите од вредност - A$3.89 милијарди евра, во кеш има A$2.9 милијарди а монетарното злато вреди A$681 милион.

Според достапната статистика на „Википедија“ за период од 20 години (2003-2023) македонските девизни резерви се зголемени за A$6.3 милијарди. Тоа значи дека биле нешто над A$1.17 милијарди на крајот на 2003 година и пораснале за повеќе од 5 пати во период од 20 години.



### За што НБМ искористи A$482 милиони во еден месец?

Вредноста на државните девизи и депозити со кои управува Народната банка во јануари 2024 е намалена за 292 милиони евра. Воедно тоа е единствената ставка во структурата на државните девизни резерви кај која има намалување на вредноста наспроти монетарно злато и странски обврзници кои бележат зголемување, покажуваат официјалните податоци на централната банка.

Анализата на податоците покажува дека во период од шест календарски години ова е трето најголемо снижување на вредноста на државниот кеш на месечно ниво.

Во суштина операцијата за намалување на државно поседуваните девизи значи интервенција на девизниот пазар во земјата или пак плаќање во девизи за потреби на државата Македонија.

Според „завитканиот“ одговор на НБМ, во прашање било првото и било од времен карактер.






**СОМНЕЖИ И РЕЗЕРВА ЗА ВОДЕЊЕТО НА СЛУЧАЈОТ:**

# Министерот Тошковски наредил нова детална истрага во случајот со убиствата на Ѓорчевска-Жежовски



Министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, во интервју на ТВ 24, ја обелодени својата резерва за водењето на случајот во врска со грозоморните убиства на панче Жежовски и Вања Ѓорчевска.

- Откако сум дојден на позиција министер, врз основа на сознанија има сомнежи за лошо постапување на полицијата во целиот процес. Наредив Внатрешната контрола да поведе истрага и да се навлезе подлабоко во процесите и водењето на случајот: како постапувала полицијата, дали се запазени стандардите и дали се почитувани процедурите со цел да се откријат сите занемарени детали или потенцијални несогласувања.

*Јас сум адвокат по професија и за мене „основано сомневање“ подразбира многу повисоко ниво на докази и образложение на случајот отколку она што го нуди истрагата*

Назначени се двајца началници да ја предводат обновената истрага. Едниот началник е именуван од мене, додека другиот е предложен од дополнителниот заменик-министер, со што ќе се обезбеди двојна перспектива во потрагата по вистината.

Истрагата има за цел да ја отфрли секоја загриженост за пристрасност и треба да даде одговор на барањето на јавноста за транспарентност и одговорност. Штом ги добијам резултатите ведшан ќе ги споделам со јавноста, рече Тошковси. Тој не сакаше да појасни дали се сомнева во доказите или во посочените осомничени. Рече дека на ова место е дојден како адвокат по професија и за него „основано сомневање“ подразбира многу повисоко ниво на докази и образложение на случајот отколку она што го нуди истрагата.

**СИЛНО НЕВРЕМЕ ЈА ЗАФАТИ ВИКТОРИЈА:**

# Над половина милион луѓе останаа без струја

**Големи делови од Викторија останаа без струја, бидејќи големата централа, која снабдува една третина од корисниците, испадна од системот поради невремето што ги урна далноводите**



Повеќе од половина милион луѓе во Викторија во вторник останаа без електрична енергија како последица на невремето, бидејќи главната електрана во Гипсланд беше принудена да се исклучи. Комбинацијата на екстремни температури, силни ветришта и удари од гром, ја оштетија електричната инфраструктура и ја принудија електраната „Лој Јанг А“ да ги исклучи сите четири единици.

Електричната централа на AGL, која произведува околу една третина од електричната енергија на Викторија, беше принудена да се исклучи во попладневните часови откако се урнаа главните електрични столбови за пренос на струјата.



Силниот ветер стигна до 130 км, опустоши големи делови од Мелбурн а попладнето имаше град со големина на топче за голф, поројни поплави и разорни ветрови во населбите во близина на брегот.

По затворањето на централата, цените на електричната енергија скокнаа во Викторија до максимални 16.600 австралиски долари за мегават час од околу 200 долари, според податоците на австралискиот оператор за енергетски пазар (AEMO).

Како одговор, AEMO нареди намалување на потрошувачката на електрична енергија.

Операторот претходно најави дека се потребни итни инвестиции за да се осигура дека снабдувањето со електрична енергија ќе остане сигурно бидејќи старите електрани на јаглен се исфрлаат постепено по барање на Зелената партија.

# 40 ученици отпишани за една година од училиштата во Кавадарци



Вкупно 40 ученици се отпишани за една година од училиштата во Кавадарци, изјави за МИА Зорка В’чкова, раководителка на сектор за образование и спорт при кавадаречката локална самоуправа.

Од јануари 2023 до јануари 2024 година отпишани се 37 ученици од основно и три ученика од средно образование, појасни таа.

В’чкова додаде дека, не сметајќи ги отпишаните, во моментов во општината има 3.092 ученици во основно училиште и 1.419 средношколци.




### БАРНАБИ ЏОЈС СНИМЕН КАКО ЛЕЖИ НА ТРОТОАР И ПЦУЕ:

# Измешав многу алкохол со лекови

Актуелниот австралиски пратеник и поранешен вицепремиер **Барнаби Џојс** се огласи откако се појавија снимки како тој лежи на тротоарот во *Канбера* и пцуе на својот телефон. Во исто време, расте притисокот врз Националната партија на *Австралија* да го санкционира својот член. *Гардијан* тврди дека **Џојс** не присуствувал на партискиот состанок на кој се разговарало за инцидентот. Шефот на партијата **Дејвид Литлпрауд** се очекува да разговара со **Џојс**.





Во петокот, *Дејли Мејл* објави видео од **Џојс** како лежи на тротоар, како зборува на телефон и изговара непристојни зборови. **Џојс** призна дека *„направил голема грешка“* со мешање на алкохол со лек на рецепт што го земал.

*„Јас земам лекови и тие ви велат дека одредени работи може да се случат доколку пиете алкохол, и тие се 100% во право. Не барам сожалување и не барам изговор. Ќе ги прифатам критиките“*, рече тој.

Прајминистерот **Ентони Албанезе** рече дека пратеникот **Џојс** е во *„очигледно тешки околности“*. Во неделата побара објаснување за настанот.

*„Мислам дека и луѓето ќе помислат, каква би била реакцијата доколку некој министер од мојата влада се однесува така? Мислам дека едноставно треба да објасни што се случило“*, рече тој.

### СТАНДАРД ЗА ЕФИКАСНОСТ ВО ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО ЗА НОВИТЕ АВТОМОБИЛИ:

# Помалку загадување и повеќе пари во џеб

*Австралија* некогаш беше наречена *„депонија за неефикасни возила“* бидејќи немаше стандарди за гориво како *Кина*, *Соединетите Американски Држави*, *Нов Зеланд* и *Европската унија.*

Почнувајќи од следната година, на тоа ќе му дојде крај, бидејќи сојузната влада објави дека законски ќе бидат пропишани стандарди за ефикасност во потрошувачка на гориво за новите автомобили.

Според новите стандарди, производителите на автомобили ќе бидат обврзани да испорачуваат на пазарот возила со поефикасна потрошувачка на гориво, согласно со поставените цели за просечна емисија на штетни гасови по километар за нови продадени автомобили.

Стандардот се однесува само на нови патнички возила и лесни комерцијални возила.

Владата на прајминистерот **Албанезе** соопшти дека ќе спроведе консултации за посакуваниот модел на ефикасност во период од еден месец, со намера во првата половина од годинава предлог-законот да се внесе во парламентарна процедура. Се очекува новиот стандард да стапи во сила на 1 јануари 2025 година.

Министерот за климатски промени, **Крис Боуен**, рече, возачите во моментов трошат повеќе на гориво отколку што треба, а поставувањето стандарди ќе донесе заштеда во буџетите на австралиските семејства.

*„Австралијците во моментов плаќаат повеќе отколку што треба во споредба со луѓето во другите земји, бидејќи трошат повеќе бензин и дизел“* - рече **Боуен** на прес-конференција во *Мелбурн*.



Министерот додаде дека стандардот е *„добитен за сите потрошувачи“* бидејќи нуди поголем избор на возила за купување. Моделирањето на исходот од овие стандарди предвидува до 2028 година, возачите на гориво да заштедат и до $1.000 по возило.

**Боуен** рече *„тоа е победа за потрошувачите во смисол на намалување на трошоците за живот“* и посочи дека стандардот нема да диктира какви автомобили Австралијците можат да купуваат, туку очекува производителите на автомобили да се придржуваат до законот, кој ќе вклучува и казни за оние кои не го исполнуваат стандардот.

Советот за електрични возила на *Австралија* ја поздрави најавата на сојузната влада, велејќи дека стандардот за ефикасност на потрошувачка на возилата ќе ја спречи *Австралија* да биде *„депонија за неефикасни автомобили“.*

*„Австралија отсекогаш била последна кога станува збор за најдобри и најевтини електрични возила, бидејќи производителите прво сакаат да ги понудат на друго место. Тоа треба да престане со оваа нова политика, а австралиските купувачи на автомобили би требало да ја забележат промената многу брзо“* - се вели во соопштението на Советот.

Извршната директорка на Советот за клима, **Аманда Мекензи** рече, стандардот ќе им помогне на граѓаните на Австралија во борбата со притисоците од зголемените животни трошоци.

*„Многу Австралијци живеат тешко, а бензинот е еден од трошоците кој предизвикува голем финансиски стрес за домаќинствата. Во исто време, загадувањето од неефикасните автомобили кои голтаат бензин ги поттикнува штетните климатски промени. Давајќи им на луѓето подобар избор на почисти и поевтини автомобили, силниот стандард за ефикасност на горивото ќе ги намали трошоците за домаќинството и ќе го исчисти нашиот воздух“* - рече **Мекензи** во соопштението.

Независниот сенатор **Дејвид Покок** ја поздрави најавата, но рече целта треба да биде поамбициозна.

*„Сакам новите стандарди да се имплементираат што е можно поскоро и ја повикувам владата да го помести предвидениот датум за почеток од 1 јануари 2025 година на 1 јули 2024 година, со шестмесечен пробен период во кој нема да се применуваат казни“* - истакна **Покок**, тврдејќи секој помалку амбициозен план од тој што го предлага ќе доведе до зголемување на трошоците за транспорт и дополнително ќе и наштети на климата.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Целосно финансирање на државните училишта



Сојузната влада постигна договор со владата на Западна *Австралија* до 2026 година сите државни училишта во оваа јурисдикцијата да бидат целосно финансирани.

Ова е прв од осумте договори со кои сојузната влада ќе преговара со владите на другите држави и територии до крајот на годината. Во исто време, ова претставува преседан за слични аранжмани во која било друга област.

Меѓутоа, сите други држави за сега го одбија договорот каков што е постигнат меѓу владата на **Ентони Албанезе** и *Западна Австралија* за унапреденото суфинансирање на државните училишта, повикувајќи го *Комонвелтот* еднострано да го зголеми својот удел за да го затвори јазот во финансирањето на државните училишта.

За што всушност се работи? Договорите меѓу сојузната и државните влади треба да ги утврдат аранжмани за финансирање на основните и средните училишта ширум земјата.

Сојузниот министер за образование, **Џејсон Клер**, потврди кон средината на неделата *Комонвелтот* ќе и даде на *Западна Австралија* дополнителни $777.4 милиони во тек на пет години, зголемувајќи го уделот на *Комонвелтот* во финансирањето на државните училишта од 20 на 22.5 отсто.

Меѓутоа, овој договор воедно бара од *Западна Австралија*, да ги зголеми сопствените трошоци за државните училишта за барем еднаков износ.

Според министерот **Клер**, новото сојузно финансирање за *Западна Австралија* ќе биде поврзано со давање повеќе ресурси на наставниците и помош за деца кои заостануваат во учењето.

Притоа, кога станува збор за формулацијата „целосно финансирање", треба да се има предвид дека таа се однесува на износот утврден со *Стандардот за училишни ресурси (СРС)*, според кој се проценува колку средства му се потребни на едно училиште да ги задоволи потребите на своите ученици, а кој е препорачан во многу значајниот Гонски извештај од 2011 година.

Според тие препораки, државите треба да обезбедат 75 отсто од финансиите на државните училишта, а сојузната влада 20 отсто, што значи најмалку пет отсто остануваат непокриени.

Затоа, не треба да изненадува што нивото на финансирање на државните училишта долго време е извор на расправии, особено кога има пад на академските резултати на учениците и недостаток на наставници.

Освен тоа, според наодите од независна ревизија, објавени на крајот на минатата година, речиси сите државни училишта не биле финансирани според *СРС*. Од друга страна, приватните училишта во просек биле финансирани на нивното или и повеќе од целосното државно ниво на финансирање.

Панелот што го разгледува Националниот договор за реформите на школството вели, јазот меѓу привилегираните ученици и учениците во обесправените училишта се зголемува.

Покрај тоа, нагласена е потребата да се направи анкета меѓу учениците, да се открие дали им е потребна дополнителна помош во учењето, како и да им се обезбеди на наставниците потаргетирана поддршка.

*„Сакам да постигнеме ваков договор со секоја држава и територија во Австралија, за да се погрижиме целосно и правично да ги финансираме сите наши училишта и сите наши деца да имаат корист од овој вид реформи"* - рече министерот **Клер** за време на неговиот престој во *Перт*.

Министерот за образование на *Западна Австралија*, **Тони Бути**, за договорот вели оти ќе доведе до вистински подобрувања на условите за учениците, особено за оние од посиромашните семејства.

*„Сите реформи ќе се фокусираат на подобрување на еднаквоста и квалитетот во училиштата, за поддршка на благосостојбата на учениците и наставниците и обезбедување силна и одржлива работна сила на школскиот кадар"* - нагласи министерот **Бути**.

Во моментов, ниту едно државно училиште во *Австралија*, освен училиштата во *Канбера*, не се финансирани според нивото на *СРС* стандардите. Затоа портпаролката за образование на сојузната опозиција, **Сара Хендерсон** вели, владата мора да стори повеќе.

*„Според структурата на финансирање од ревизијата Гонски, Комонвелтот всушност ја исполнува својата обврска, обезбедувајќи 20 отсто од финансирањето на државните училишта"* - рече сенаторката **Хендерсон**.

Воедно, таа истакна дека е голем јазот меѓу државите во однос на делот од финансирањето што го обезбедуваат. Така што, *Северната територија* обезбедува само 59 отсто од финансиите, а *Викторија* 70 отсто.

Австралискиот синдикат за образование го поздрави договорот со *Западна Австралија*, но истакна дека се потребни повеќе вложувања во училиштата ширум земја. Претседателката на синдикатот, **Корина Хејторп**, рече, *Комонвелтот* треба да го зголеми својот удел во *СРС* на 25 отсто за државите и 40 отсто за *Северната територија*. *„Со децении Комонвелтот недоволно ги финансираше државните училишта, додека приватните претерано ги финансираше. Само 1.6 отсто од сојузниот буџет се троши на државни училишта"* - нагласи **Хејтроп**.




# Албанија пушта и со стари лични карти, Грција не прима сообраќајни со „Република Македонија“




Иако министерот Бујар Османи тврдеше дека грчката страна нема да прави проблем за сообраќајните дозволи со МКД, грчките погранични служби на граничниот премин Евзони на 13 февруари на македонските државјани не им дозволиле влез со колите ако имале сообраќајни дозволи со старото име на државата. Дури и кога на табличките стоела налепницата NMK, но на сообраќајната е MKD. Им рекле: „Пеш може да влезете, ама колата не!“

Наспроти овој пример, на граничниот премин Кафасан алабанските гранични полицајци не правеле никаков проблем и ги пропуштале сите македонски граѓани дури и со стара лична карта (без додавката „северна“). Немало проблем ниту за возилата кои немаат налепница NMK на регистрацијата.

Иста е состојбата и на двата гранични премини кон Косово.

Од српска страна на преминот Табановце изјавиле дека „ако вашите ве пуштаат, ние немаме никаков проблем“. Македонското МВР претходно соопшти дека македонските полицајци на граница нема да прават проблем за излез со лична карта „Република Македонија“. Овие лични карти се признаваат во банките низ земјата, со нив ќе може и да се гласа на претстојните избори.

Засега се чини дека овие личните карти не ги признава само Грција. А така било и досега.

# 100.000 лица се фотографирани ама чекаат зашто нема бланко-пасоши

Министерот за внатрешни Панче Тошковски минатата недела беше најинтервјуираниот во Македонија. Тој апелираше до владејачкото мнозинство „да се одважи“ и да го донесе единственото можно решение на хаосот и агонијата на која се подложени македонските државјани а тоа е со измена на законот во Собранието да се продолжи важноста на старите пасоши до крајот на годинава. Впрочем, тоа решение експресно помина во Собранието за возачките дозволи.

- Ако продолжувањето на возачките и сообраќајните дозволи се утврди дека не е против Преспанскиот договор, тогаш како продолжувањето на важноста за пасошите је!? Само тој што ги издава пасошите ме да ги прогласи за неважечки. Значи тука Грција не може да не спречи. Таа има право да се јави но она што би го направиле за продолжување на пасошите нема да влијае на Договорот. Впрочем, и Грција има незавршени обврски кон Договорот, како што се ознаките по патиштата, укажува Тошковски.

Илустрирајќи го хаосот со патните исправи тој предвидува дека ако не се интервенира со законска измена тогаш ќе следи цела година на негативна атмосфера, а може и подолго.



- Досега се издадени 1.168.095 пасоши со новото уставно име. Според евиденцијата од претходно македонски пасоши со „Република Македонија“ биле издадени на вкупно 1.803.000 државјани од запишаните 2.5 милиона во Книгата на државјани. Значи очекуваме дека треба да се заменат уште 634.984 пасоши а дополнително и лица кои за прв пат се јавуваат за патна исправа.

Инаку, за готови пасоши чекаат околу 100.000 од кои околу 60.000 се обработени и одобрени и внесени во рамки на системот за производство и околу 30.000 случаи на граѓани кои се фотографирани но чекаме кога ќе стигне новата пратка обрасци да им се произведат пасошите.

А на располагање заклучно со неделата имаше под 5.000 тип А (на македонски и англиски јазик) и околу 10.000 тип Б (плус со албански јазик), кажа Тошковски.

На прашањето како ќе одат понатаму набавките министерот рече: „Со Господ напред“. Затоа што според договорот рокот на испорака од добавувачот е 180 дена! Тој проблемот е настанат поради лошо планирање и катастрофално менаџирање, како и катастрофална динамика на испорака.

- Според она што сум информиран од службите, се очекува до крајот на месецов да дојде контингент од 245.000 бланко пасоши (од кои најголем дел се ТипА) и уште околу 400.000 до крајот на јуни - почеток на јули. Јас ветувам дека ќе направиме дополнително ангажирање во МВР и месечното производството од околу 50.000 пасоши (имаме само две машини) да го крeнеме на 70.000. Но, ќе повторам, се ќе зависи од тоа колку бланко пасоши (обрасци) ќе имаме на располагање. А ќе се потрудам и тука да ја засилиме динамиката, рече министерот.

Порачки за бланко пасоши со новото уставно име биле направени за вкупно 1.750.000 примероци.

- Јас не сум Балтазар, ниту моите луѓе се маѓионичари, единствено што можевме да направиме е тоа - работиме по 13-14 саати дневно и сабота и недела. Јас не можам да работам 300 часа дневно, рече Тошковски и уште еднаш апелираше до пратениците во Собранието. Да се донесе измена на законот и да се продолжи важноста на неистечените пасоши со „Република Македонија“.

Reg. No. A0042461G
АХАМ BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:**
Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:**
Целе Велјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:**
Кинг Фреш Бурек 9401 4777,
Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:**
Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:**
Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045
Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:**
Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663
**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418
**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381
**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874
**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

**ВО ЧАИР НМК НАЛЕПНИЦА ЗА 50 ДЕНАРИ:**

# Кој ќе ти се гужва за бесплатни!?

Откако се створи невидена гужва на техничките прегледи за граѓаните да добијат НМК налепница на табличките, некои од продавниците во скопски Чаир кои продаваат резервни делови и козметика за автомобили, во својата понуда имаат и налепници - и тоа по цена од 50 денари.




Возачи застануваат и си купуваа налепници, кои ги има за предни и задни таблички, што значи за двете треба да се плати 100 денари.

На прашањето зошто ги купуваат кога државата ги дава бесплатно, сите велат дека не сакаат да се гужваат и да чекаат во ред и оти им е полесно на овој начин да си завршат работа.

# Парите и браковите со „Република Македонија" остануваат да важат

Шеги но и загриженост предизвика административното прогласување за неважечки на личните документи со старото уставно име на Македонија. Како на пример дека дури и браковите на сите оние кои имаат венчаница со „Република Македонија" - престануваат да важат. На социјалните мрежи се постираа и пари со старото име и се тераше шега дека од 13 февруари нема да може да се плаќа со нив. Неофицијално и банкарите се загрижени дека, кога ќе исплаќаат пензии, пензионерите ќе бараат банкнотите да им бидат исклучиво со „Северна Македонија".

Од Народната банка се категорични дека нема потреба од таква загриженост. Сите книжни и ковани пари во оптек се полноважни. Од 2020 наваму сите серии на нови пари се со новото име на државата и на институцијата што ги издава.

- Целосната замена на старите изданија на парите треба да се заврши најдоцна во рок од пет години од отворањето на релевантното ЕУ поглавје, во рамките на преговарачкиот процес со ЕУ, во конкретниов случај Поглавјето 17 – Економска и монетарна унија. Со оглед на тоа што ова поглавје сè уште не е отворено, а од денешна перспектива не е познат точниот датум на неговото отворање, не можеме да го дефинираме ниту крајниот рок до кога треба да заврши целосната замена на парите – рекоа од Народната банка.

# Избрани новите министри



Министерствата за здравство и информатичко општество добија нови министри од Алијанса за Албанците, од крилото на Села. Илир Демири ќе го предводи здравството на местото на Фатмир Меџити, а Наим Бајрами ќе раководи со министерството за информатичко општество како замена за Азир Алиу.

По целодневна расправа во собранието со 63 гласа беа избрани новите министри, кои дадоа и свечена заклетва.

Опозицијата во текот на целиот дел се јавуваше за збор, а најголемата дилема од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ е зошто се поставуваат нови министри во техничка Влада, чија единствена цел е само да спроведе фер избори.

Додека опозицијата обвинуваше, власта молчеше. Техничкиот премиер, Талат Џафери само ги претстави на кратко новите министри: Демири како познат доктор кој сите го знаат, а Бајрами како млад и способен информатичар.

Од осумте пратеници на АА шестмина се заедно со Сеља и ја поддржуваат коалицијата со СДСМ и ДУИ додека двајца се со опозицијата.

## АЛИУ: ДОКОЛКУ АА ОДЕШЕ САМА НА ИЗБОРИ ЌЕ НАПРАВЕШЕ УСЛУГА НА ДУИ, ВАКА ДУИ ЌЕ ОДИ ВО ОПОЗИЦИЈА

Разрешениот министер за информатичко општество Азир Алиу во дебатниот магазин „Click Plus" на ТВ21, одговарајќи на прашањето каде се разидоа Арбен Таравари и Зијадин Сеља, рече дека нивните анализи велат дека доколку партијата настапеше самостојно на избори само ќе направеше услуга на ДУИ.

- Ама во коалиција на АА со опозицијата, ДУИ ќе заврши конечно во опозиција, кажа Азири.

## ТВИТОВИ:

# Да не е трагично би било хиларично!



- „Јас не познавам друг народ кој страдал повеќе за лични документи" - Гоце Делчев.
- Сите кредити земени со стари документи, од полнок на 13-ти се неважечки...
- Ало, #МВР дали сте нормални? Важечки возачки дозволи нема да важат во Македонија?
- Да прашам дали ми важи венчаницата без северна и дали сум слободен додека да извадам нова?

# На македонска граница спречена нелегална трговија со папагали

Вкупно 47 папагали (од сојот на австралиските баџи) се запленети откако српски државјанин сакал без да ги пријави да ги внесе во Македонија.

Имено, царинските службеници на влез на граничен премин Табановце го прашале дали има нешто да пријави, по што откако одговорил дека нема - поради сомневање извршиле детален преглед на возилото при што во багажникот се пронајдени кафези со папагали.

Против лицето е поднесена соодветна пријава, а надлежноста за запленетата стока, во случајов живи птици, е предадена на Агенцијата за управување со одземен имот, од каде што се соодветно згрижени.



*Папагал на хрватсни се вика „папига". Шверцерот на папига(и) го „јадел" за сите пари...*


A WORLD OF NATURAL STONE
JOHN STONEMART
MEMORIALS YOUR MEMORIES SHOULD LAST FOREVER



НАДГРОБНИ СПОМЕНИЦИ од $4,250
ПРИВРЕМЕНА КУТИЈА ЗА СВЕЌИ $150



Метална кутија со пластична врата
(Ќе дадеме подобра цена од секоја претходна дадена во пишан договор. Под извесни услови.)*

- ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
- ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
- ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ

310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896
UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966

STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

МАСОВНИ ВРАБОТУВАЊА ПРЕД ИЗБОРИ:

# Од 355 нововработени во „Национални шуми“ 230 се Албанци

На веб-страницата на „Национални шуми“ се објавени прелиминарните 355 вработувања од огласот што беше објавен пред крајот на минатата година, а беше одбележан со тоа што се бараа етнички Албанци во доминантно македонски средини како Крива Паланка, Берово, Демир Капија.

Од ВМРО-ДПМНЕ реагираа дека тројца дрвосечачи од албанска национална припадност се се нашле на списокот за нововработени во подрачната единица во Кратово. А поред Пописот таму не живее ниту еден Албанец!?

Валентин Груевски, директорот на „Национални шуми“, изјави дека сите нововработени се регуларно примени ама дополнително ќе се одлучува каде тие ќе бидат распределени.

- Кандидатите конкурирале на тие работни места, ги исполнуваат условите и наредните денови ќе ги склучиме договорите и ќе видиме каде ќе работат, рече тој во вестите на „Сител“.

Додаде дека тие што се примени во Кратово и не мора да работат таму, туку дека „ќе може да работат и во местото каде што живеат“!?!?

Од 355 нововработени 230 се етнички Албанци а само 30-тина Македонци, 30- тина Турци, и по некој Влав, Ром, Србин и ставка „други“.

Власта не спие предизборно, особено кога треба да се полни администрацијата. Огласи за вработување имаше речиси во секоја државна установа. Во Агенцијата за вработување, во Државната изборна комисија, во Регулаторната за енергетика, Министерство за образование и во други агенции и дирекции.

Во Министерството за одбрана се вработија 300 професионални војници кои ќе и служат на Армијата.

Претходно и ЕСМ влезе во офанзива за работно вдомување – таму бараа 500 лица оти им фалеле работници исто остана неразјаснет податокот како до сега функционираа државните електрани без толку работници.

### Во гостиварската болница примени 24 Албанци, еден Македонец

Гостиварската болница очајно има потреба од лекари и медицински сестри, но според огласот само Албанци. Трајно вработени се вкупно 25 медицински лица, од нив 24 се со албанска националност а само еден е е Македонец. Според последните скандалозни вработувања во болницата "Д-р Ферид Мурад" очигледно за Македонци нема место во оваа здравствена установа. Десет лекари, десет медицински сестри, еден биохемичар, еден ренген технолог и уште тројца физиотарапевти сите со албанска националност добија договори на неопределно време. Во списоците кои добија договор на неопределно има само едно македонско име. Иако на огласот се пријавиле осум Македонци.

Од Министерството за здравство нема одговор дали и како во гостиварската болница се спроведува балансерот за законско вработување, кои предвидуваат 20% да се Албанци, а 80% Македонци.

Екс-министерот за здравство Меџити објави дека вкупно 1.117 времено вработени по договор во јавното здравство ќе добијат трајни решенија за работа.

Инаку, огласот во Гостивар е само еден од низата скандалозни предизборни вработувања по националност. Само пред месец и половина на Гинеколошката клиника во Скопје имаше јавен оглас за вработувања на доктори, каде што право на пријавување имаа само Албанци и Турци.

### На оглас за Македонец(ка) вработена Љуљиета Керими и се е по закон!?

Министерството за образование деновиве ја вработува Љуљиета Ќерими на работно место раководител на сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење на оглас во кој е напоменато дека работното место (во согласност со годишниот план за вработување) е за Македонец/Македонка. Љуљиета Ќерими е поранешна директорка на основното училиште „Хасан Приштина“ во Чаир и досега, според јавно достапните документи, се изјаснувала како Албанка.

Од Министерството за образование немаат конкретно објаснување како се случило на оглас за Македонец/Македонка да биде избрана Ќерими, но уверуваат дека изборот за кандидатката е целосно уреден. Огласот за вработување раководител на секторот за средно образование е од 3 јануари годинава, а одлуката за избор на Љуљиета Ќерими е објавена на 8 февруари, по завршувањето на сите фази за селекција на кандидатите.

## „Златна бубамара“ за животно дело на легендата Драган Мијалковски




Најпопуларната македонска манифестација „Златна бубамара на популарноста“ му доделува Признание за животно дело на музичката легенда Драган Мијалковски кој оваа година одбележува пет ипол децении на музичката сцена.

Неговата музичка кариера започнала на аудиција „Бараме млади таленти“ во 1969, кога ден по успешниот настап ја направил првата радио-снимка. Со своите песни трајно ја одбележа македонската забавна музика, а како поппејач имаше респектирано место и на екс-ју сцената. Најголема популарност достигна во 70-ите и 80-ите години.

Отпеа многу хитови, меѓу кои се и неколку класици во антологијата на македонската забавна музика.

Мијалковски ќе настапи на 27. „Златна бубамара на популарноста“ со голем ревијски оркестар во живо, изведувајќи колаж од неговите најпопуларни рефрени. Во топ-пејачка форма на своите 74 години, Мијалковски со настапот на „Златна бубамара на популарноста“ се претставува како своевиден Синатра на домашната музика.

27-то издание на „Златната бубамара на популарноста“ ќе се одржи на 22 февруари.




## Владата го усвои предлогот Охридското Езеро да биде прогласено за споменик на природата



На иницијатива на Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), Владата го усвои текстот на предлог-законот за прогласување на Охридско Езеро за заштитено подрачје во трета категорија – споменик на природата. Сега предлог-законот ќе оди во Собрание за негово усвојување.

„Охридското Езеро се прогласува за споменик на природата заради геоморфолошките и хидролошките карактеристики, исклучителните природни вредности, како дел од Светското природно наследство на УНЕСКО и еден од најважните рефугиум-центри на биолошката разновидност во европски и светски рамки. Споменикот на природата – Охридско Езеро ќе биде управуван од Јавното претпријатие Колекторски систем. Планот за управување ќе треба да се донесе најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон“, соопштија од Министерството за животна средина и просторно планирање.

# ММД "НИКОЛА КАРЕВ" ЗАПОЧНА СО ПРОБИ И УПИСИ ЗА 2024

Македонското Младинско Друштво "Никола Карев" ги известува сите љубители на македонскиот фолклор дека врши упис на нови играорци за 2024 година.

Втората и трета група тренира во среда, од 18:30–20:00 часот.

Прва тренира в понеделник, од 19:00–21:00 часот.

Тренинзите се одржуваат во Cairnlea Community Hub на 55 Carmody Dr., Cairnlea 3023

За повеќе информации и упис на нови играорци јавете се на мобилен 0430 370 939

Со нашите убави ора зачекоруваме во македонската традиција и историјата на нашите предци.

Не чекајте, запишете ги вашите деца да го изучуваат и уживаат во македонскиот фолклор




## КУД ТАНЕЦ ОД ТОМАСТАУН

КУД Танец од Томастаун ги известува сите свои играорци дека тренинзите за 2024 година започнаа во Thomastown Library (52 Main St. Thomastown), со почеток од 18:30 до 20:00 часот. Тренинзите се секој понеделник и примаме нови играорци од 5 години нагоре.

Сите што сакаат да го изучуваат македонскиот фолклор и песна нека повелат да се јават кај: Косте 0431 360 291

## МАРИОВСКА СРЕДБА ВО МЕЛБУРН

Селото Будимирци (Св. Никола), организира Мариовска средба со сите мариовци и пријателите. Средбата ќе се одржи на 18 февруари 2024 година, во Werribee Park од 8 наутро (овој парк се наоѓа на Melway Map 201 B3). Дента ќе има жива музика и влезот е бесплатен. За повеќе информации јавете се кај: Косте 0431 360 291, Ило 0423 774 147 и Ристе 0432 789 698.

СЕ БАРА РАБОТНИК за инсталирање дрвени и железни огради за северниот дел од Мелбурн (не мора да имате искуство), се плаќа кеш. За повеќе информации јавете се кај Никола на: 0402 913 539

**КАТИЦА ЈАНЕВА СЕ ВРАБОТИ ВО АДВОКАТСКАТА КАНЦЕЛАРИЈА НА СИНОТ:**

# Оди секој ден од затвор на работа, па назад



Поранешната специјална обвинителка **Катица Јанева** на социјалната мрежа *Фејсбук* објави дека се вработила во адвокатската канцеларија на нејзиниот син **Лазар Јанев**. Објавата предизвика лавина различни реакции.

Информацијата ја потврди директорот на затворот *„Идризово“*, **Зоран Јовановски**. **Јанева** ќе доаѓа секој ден на работа, а навечер ќе се враќа во затворот, што е овозможено со Законот за извршување санкции. Оваа привилегија ја добила поради тоа што има отслужено 5 од вкупно 7 години на колку што беше осудена.

**Лазар Јанев** беше вработен како менаџер во поранешната телевизија *1ТВ* на шоуменот и водител **Борјан Јовановски Боки 13**, кој беше осуден во случајот *„Рекет“*, исто како и специјалната обвинителка **Катица Јанева**.

Во јули и во август 2019 беа уапсени и притворени прво **Боки 13** а потоа и **Јанева**. Во 2021 првиот беше осуден на 9 години затвор за примање награда за противзаконско влијание и за перење пари, а втората на 7 години за злоупотреба на службената положба и овластување како специјална јавна обвинителка. Затворските денови им се бројат од притворени. **Јанева** ја издржува казната во *КПУ „Идризово“*, каде што извесно време беше вработена како библиотекарка во затворската библиотека.

Според нејзиниот фејсбук - профил **Јанева** користела викенд-отсуство од затворот од петокот 9 февруари и го прославила својот 59. роденден во домашна атмосфера.

## Мигранти од Сирија пронајдени во липковско село, некои со повреди на телата



Петнаесет мигранти од *Сирија* биле пронајдени во липковско село, некои со повреди на телата, информираа од Министерството за внатрешни работи.

*– Во понеделникот било пријавено дека околу 10 часот во село Лојане, Липковско, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот при Регионалниот центар за гранични работи Север, пронашле 15 лица – мигранти од Сирија, од кои дел имале повреди на телата,* се појаснува во соопштението на МВР.

Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

## Тетовец изнудил 5.000 евра од жена затоа што нејзиниот син го навредувал

*СВР Тетово*, поднесе кривична пријава против **Г.И.**(48) од *Тетово*, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „изнуда“.

*- На 20.12.2023 А.Р. пријавила дека од страна на пријавениот, со закана и биле земени 5.000 евра како обештетување за навредите кои биле упатени кон него од страна на нејзиниот син преку социјална мрежа,* информира *МВР*.

## Тетовец за А$30,000 купил автомобил баран од Интерпол, потоа фалсификувал документи за да си плати царина



*СВР Тетово* поднесе кривична пријава против четириесет и двегодишниот **А.Н.** од *Тетово* поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама“ како и против четириесетгодишниот **А.К.** од *Тетово* поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа“.

На 23.07.2023 **А.Н.** со лажно прикажување на факти го измамил **А.К.** и за сума од 1.104.000 денари (скоро А$30,000) му продал патничко возило кое било барано од *Интерпол Стокхолм – Шведска*.

Потоа, пак, **А.К.** направил фалсификувана исправа, која ја употребил при плаќање на царинските обврски кон државата.

## Со вперен пиштол го грабнале од кола и го присилиле да потпише договор за продажба на стан

*СВР Скопје – Единица за насилен криминал* поднесе кривична пријава против **Н.Б.**(53), **Н.Х.**(26) и **Т.Љ.**(21), сите од *Скопје*, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „грабнување“.

На 28.06.2023 во *Скопје*, пријавените со закана со огнено оружје и употреба на физичка сила го извадиле **Џ.Б.**(47) од неговото возило и го однеле во напуштена куќа каде го присилиле да потпише договор за продажба на стан, со цел од парите од продажба да му врати долг од 5.000 евра на првопријавениот.

## ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## СИДНЕЈ:

# Чествување на големиот револуционер Гоце Делчев



Во неделата, на 4 февруари, се навршија токму 152 години, од раѓањето на идеологот, организаторот и предводникот на македонското национално-ослободително движење **Гоце Делчев**, кој преставува видна и маркантна фигура во поновата историја на *Македонија*.

По тој повод во просториите на културно образовниот центар *Илинден* веднаш до црквата *Св. Петка* беше организирано чествување по повод годишнината од раѓањето на **Делчев**. Монолог за ликот и делото на **Делчев** читаа: **Даниела Недеска, Кристина Станческа** и **Кире Циревски**. Прочитан беше и краток реферат од кој ви пренесуваме краток извадок.

Тој беше голем син на македонскиот народ, за што со својот кураж и со својата храброст го будеше неговиот дух на слободата, ги продолжи со тој револуционерен стремеж револуционерните традиции, борбата за национално и социјално ослободување. Токму затоа Гоцевото име стана легенда, синоним во борбата на македонскиот народ за слободна егзистенција и еманципација.

Таа необична приврзаност на македонскиот народ со Гоцевата личност, со неговото големо дело, резултираше од тоа што **Гоце** стана прва ревулуционерна совест, смел борец за национални и социјални права. Затоа и неговиот животопис е тесно поврзан со животот на македонскиот народ, кој национално и социјално потиснат ги барал патиштата за ослободување од многувековното отоманско ропство.

И во таа крвава револуционерна нишка на борбата за ослободување на македонскиот народ од ропските теглила е вплетена и Гоцевата голема животна нишка. Со тоа тој бил навистина рожба на својата епоха, изразител на стремежите на македонските народни маси за слобода, за свое достоинствено место под сонцето. Затоа и народот му го дал епитетот – *"Сонцето на Македонија"*, кое се наметнало спонтано, од неговиот живот исцело посветен на својата родна земја.

Неговата револуционерна концепција е смела и точно определена – да го подигне македонскиот народ од вековниот сон и да го поведе кон самостоен, револуционерен пат, по релисите на самобитните раволуционерни настојувања.

Затоа како народ сме должни да му оддадеме почит и должно признание на **Гоце** и многутемина како него.



## ОД ТАНГО ДО ЧОЧЕК, ОД ЗАБАВНО ДО НАРОДНО:

# Бендот на браќата Нуне со Мими Јовановска и Дарко Билбиловски доаѓа во Австралија





*Австралиско-Македонската Младинска Асоцијација "Никола Карев"* важи за најголемиот амбасадор на македонската култура и традиција во *Австралија*. Преку ова наше реномирано друштво, во *Австралија* гостувале голем број македонски пејачи и така продолжуваат со *„Бендот на браќата Нуне"* и **Мими Јовановска** кои за прв пат заминуваат на турнеја низ *Австралија*, а со ним е и **Дарко Билбиловски**. Прво искуство и за нив, но и за нашата заедница што ќе ја има привилегијата да ги слушнат во живо. А според најавите и според она што досега го имаат сработено, има и што да се слушне.

*„Македонци, подгответе се за една поинаква забава, за нешто што многу ќе ви се допадне и што ќе го барате повторно"*, се ветувањата на музчките ѕвезди, кои досега многу пати ја покажале нивната големина.

*„Бендот на браќата Нуне"*, **Мими** и **Дарко** заминуваат на покана на друштвото *ААМД „Никола Карев"* од *Мелбурн*, друштво кое има традиција од половина век. Турнејата ќе трае месец и половна, а планирани се девет концерти.

Првиот концерт е закажан за 23 февруари во *Волонгог*, следниот ден се во *Сиднеј*, на први март се во *Квинбијан*, за осми март во *Мелбурн* и на девети март во *Цилонг*. Во *Мебурн*, како град во кој им најмногу Македонци планирани се уште два концерти и тоа на 15 и 16 март, а последниот концерт ќе се случи во *Перт* на 23 март.

Македонците во *Австралија* треба да очекуваат нешто сосема ново и поразлично од она што се навикнати да го гледаат од другите гостувања.

Тие имаат сосема поразличен концепт на концерти, нивните настапи се во боја и подготвуваат музичкo шоу кое ќе се памети. Ќе се пее и свири исклучиво македонски песни и ора, секако забавни и народни. Песни од нашата богата ризница што одамна не ги слушнале.

*- Ова е прва средба меѓу нас и нашинците во Австралија. Затоа ќе биде забава за публика од 7 до 77. Од танго до чочеци. Сите жанрови на едно место, стари хитови, евергрини, но и модерна македонска музика. Затоа обединете се Македонци, дојдете во што поголем број на забава каква што немаат видено до сега*, порачуваат музичарите.

На настапот секако ќе има нивни авторски песни, инструментални, песни од **Васка** до **Есма**.

Дека по многу нешта публиката во *Австралија* им значи покажува и фактот што **Мими** нејзината најнова песна *„Мајко"* за прв пат во живо ќе ја промовира токму пред австралиската публика.

*„Мајко"* е песна посветена за сите нашинци кои се далеку од дома, за сите кои морале да ги напуштат родителите и да заминат во светот, што е прикажна во која ќе се пронајдат тие, кои ја доживеале истата судбина.


ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092

Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073



Продаваме ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО од Јужна Австралија



200 mtrs down Bedford Rd, on left, off Paramatta Rd, HOMEBUSH, opposite Sydney Market.
Започнува од Петок 1 март од 5 наутро до 16 часот, работиме секој ден освен Сабота до крајот на април.

PLEASE PURCHASE EARLY TO AVOID MISSING OUT!

Corner of Morisset and Carinya Street, Queanbeyan.
На 13 март, 20 март, 27 март и 3 април од 5 наутро до 13 часот.

Andrew 0411557774
Con 0411557778

# Хутите: Постигнавме голема победа, бродовите веќе не можат да одат кон Израел

Лидерот на јеменските *Хути* изјави дека милитантната група успеала да спречи бродови поврзани со *Израел* да минуваат низ *Аденскиот Залив* во текот на изминатата недела, пишува *„Ројтерс"*.



*„Американците и Британците не беа во можност да обезбедат премин на ниту еден брод што одеше кон Израел. Тие не беа во можност да ги заштитат тие бродови. Тие веќе не можат да ги заштитат ниту американско-британските бродови, ова е вистинска и голема победа за нас"*, рече **Малик ал-Хути** во телевизиски говор.

*Аденскиот Залив* е дел од *Арапското Море* помеѓу јужниот брег на *Арабија* и *Африка*, а со *Црвеното Море* е поврзан со преминот *Баб ал-Мандаб*. Важноста на заливот се зголеми по отворањето на *Суецкиот канал*, а низ него минуваат бродови меѓу *Европа, Источна Африка, Индија, Далечниот Исток* и *Австралија* и *Персискиот Залив* и *Европа*.

Милитантните *Хути*, кои ги контролираат најнаселените региони во *Јемен*, постојано ги напаѓаат меѓународните трговски бродови со проектили од средината на ноември. Нивна цел се пловни објекти со комерцијални врски со *САД, Велика Британија* или *Израел*.

*„Израелската, американската и британската агенда се обидува да стави крај на палестинското прашање"*, рече **Ал-Хути**. Операциите на Хутите во *Црвеното Море*, рече тој, се легитимни за да му се помогне на народот во *Газа* и да се стави крај на суровата опсада.

Хутите уште од почетокот тврдат дека ударите на бродовите биле во знак на солидарност со Палестинците поради војната меѓу *Израел* и *Хамас* во *Газа*.

Нападите поттикнаа неколку компании да ги запрат патувањата преку *Црвеното Море* во корист на подолгата и поскапа рута околу африканскиот континент, а американските и британските воени авиони извршија одмазднички напади насочени кон цели во *Јемен*.

# Речиси половина од жителите на Тексас поддржуваат отцепување од САД

Кризата на границата во *Тексас* доведе до пораст на популарноста на идејата за независност на оваа погранична американска држава, пишува *„Њузвик"*.

Според истражувањето што го презентира изданието, 44 отсто од испитаниците сакаат *Тексас* да се отцепи од *САД*, 35 отсто не се сигурни, а 16 отсто нема да ја поддржат државната независност.



Од агенцијата *„Redfield & Wilton Strategies"* анкетирале 814 граѓани со право на глас во *Тексас* за различни политички прашања.

На прашањето: *„Дали сегашната мигрантска криза прави повеќе или помалку шанси да ја поддржите независноста на Тексас?"* – 23% одговориле *„многу поверојатно"*, а други 21% одговориле *„поверојатно"*.

Опозицискиот политиколог, професорот **Мет Квортруп**, вели дека резултатите од анкетата покажуваат високо ниво на Тексашки национализам, нешто што централната власт треба да го сфати сериозно.

# Кралот Чарлс пристигна во Лондон на лекување

Кралот **Чарлс** пристигна во *Лондон* каде во наредните денови ќе оди на терапија.



**Чарлс**, кому пред неколку дена му беше дијагностициран рак, дошол во *Лондон* од резиденцијата *Сандрингем* каде што поминал неколку дена. Тој пристигна во *Лондон* во друштво на неговата сопруга, кралицата **Камила**.

Фотографиите од кралот кружат на интернет и многумина се загрижени за неговата состојба бидејќи на сликите изгледа прилично тажно.

Кралското семејство не откри точно за каков вид на рак се работи. **Чарлс** минатиов месец беше во болница на операција на простата, но било забележано дека не се работи за рак на простата. Дека ситуацијата е сериозна говори и фактот што принцот **Хари** пред неколку дена дошол во *Лондон* да се види со својот татко, иако веќе неколку години се во лоши односи.

# Германија наскоро ќе престане да биде индустриска сила – економијата „се сели" во други земји

*Германија наскоро ќе престане да биде индустриска сила*, пишува *„Блумберг"*.

Иако беа избегнати најлошите сценарија, како на пример останување без греење во домовите и ограничувања за користење на гас, цените остануваат повисоки отколку во другите земји, пишува во текстот.

Основните гранки на германската индустрија се во опаѓање. *САД* се оддалечуваат од *Европа* и почнуваат да се натпреваруваат со своите трансатлантски сојузници. *Кина* станува сериозен ривал и повеќе не купува германски стоки толку често. Најголемиот удар за производителите на тешката индустрија е прекинот на снабдување со големи количини евтин руски гас, анализира *Блумберг*.

Во статијата се додава дека заедно со надворешните фактори, внатрешните превирања во *Германија*, вклучително и недостатокот на инвестиции во различни сектори и стареењето на работната сила, само ја влошуваат ситуацијата за официјален *Берлин*.

Се затвораат најстарите фабрики и фирми во земјава, пишува авторот.

Во исто време, за тешката состојба на индустријата во *Германија* пишува и *„Билд"*, од каде алармираат дека германската економија „се сели" во други земји.

Во текстот на *„Билд"* се наведува дека најголемите проблеми се поврзани со цените на енергијата. Затоа, плановите на локалните корпорации и индустрии за мигрирање во странство се интензивираат.

Во овој момент, двојно повеќе компании ја напуштаат земјава во однос на 2022 година (кога беше 16%), пишува *„Билд"*.


Austral aluminiumproducts

Commercial Available




Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.

Ph.: (03) 9357 4177

Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)

www.australw.com.au

# Бандити од Папуа цела година држат пилот во заложништво

Објавено е ново видео од пилотот од *Нов Зеланд*, кој повеќе од една година е држен во заложништво од бунтовниците во *Западна Папуа.*

**Филип Марк Мертенс** (38), поранешен пилот на *Џетстар*, изгледа слабо, бледо и има брада додека ја носи истата сива блуза што ја носел во претходните видеа, пишува *Дејли Меил*.



Тој во видо пораката објасни дека се сретнал со „командантот", што веројатно се однесува на **Егианус Когоја**, командантот на бунтовничката *Национална ослободителна армија на Западна Папуа (ТПН-ПБ)*, која се бори против индонезиската анексија на територијата.

Командантот се согласил **Филип** да може да сними видео и тоа да биде испратено кога интернетот ќе стане достапен.

**Мертенс** рече дека ќе разговара и со командантот за телефонскиот повик до неговото семејство.

*„Ве сакам двајцата и многу ми недостасувате и се надевам дека ќе можам да разговарам со вас наскоро"*, вели тој.

Во друго видео, исто така објавено минатата недела, **Мертенс** се чини дека ѝ се обраќа на владата на *Нов Зеланд* и бара некои резерви за да му го олесни времето во заробеништво.

*„Можете ли да ми помогнете да набавам вентолин инхалатор или два само за да имам при рака во случај да добијам напад од астма и ако е можно да добијам читач на е-книги како Kindle со што е можно повеќе англиски книги. Тоа би било многу корисно."* вели пилотот. Пред два месеци, сепаратистичките бунтовници му се заканија дека ќе го погубат доколку нивните барања не бидат исполнети.

**Мертенс** работел за индонезиска авиокомпанија до 7 февруари минатата година, кога бил киднапиран откако слетал со неговиот едномоторен авион *Susi Air* на оддалечена воздушна патека во планинската провинција *Ндуга*, во западната половина на *Индонезија, Нова Гвинеја*. Еден ден откако беше фатен, групата во видео порача дека ќе „умре овде" како „останатите од нас" доколку индонезиската војска се обиде да го спаси. Портпаролот на бунтовничките сепаратисти **Себи Самбом** изјави дека **Мертенс** ќе биде заложник во преговорите со *Индонезија* - но предупреди дека пилотот „ќе биде погубен" доколку *Џакарта* одбие да преговара или воено интервенира.

**Самбом** тогаш рече дека бунтовниците *„никогаш нема да го ослободат"* **Мертенс** освен ако *Џакарта* не го направи регионот *Папуа* независен од *Индонезија*.

# Научниците утврдија зошто исчезнала цивилизацијата на Маите

Истражувачите кои ја истражуваат 800-годишната историја на *Мајапан*, древниот мајански град, заклучија дека културната и политичката престолнина на народот на Маите на полуостровот *Јукатан* во 13 и 14 век од нашата ера била уништена од суша.

Освен што дава корисен увид во историјата на овој древен народ, истражувањето од 2022 година служи и како предупредување дека климатските промени можат брзо да извршат притисок дури и врз добро воспоставените и просперитетни цивилизации.

*- Повеќето извори на податоци покажуваат дека граѓанскиот конфликт значително се зголемил, а целокупното линеарно моделирање ги поврзува урбаните конфликти со условите за суша помеѓу 1400 и 1450 година* - пишуваат истражувачите во нивниот труд, објавен во јули 2022 година.

Тие тврдат дека продолжената суша предизвикала тензии меѓу ривалите, а политичките и економските структури на Маите им овозможиле да опстанат до контактот со европските народи на почетокот на 16 век.

Истражувачите веќе работеле со многу историски записи кои покриваат важни промени во населението, исхраната и климатските услови. Овие записи биле дополнети со нова анализа на човечки останки и знаци на трауматски повреди на нив (што укажува на конфликт).

Се појавиле корелации помеѓу зголемените врнежи од дожд и поголемата популација во областа, како и помеѓу последователните намалувања на врнежите и зголемениот конфликт. Продолжената суша во текот на 1400-1450 година веројатно довела до напуштање на *Мајапан*, велат истражувачите.

Недостигот на вода влијаел врз земјоделските практики и трговските патишта, со што се извршил притисок и врз самиот народ во *Мајапан*, сугерира истражувањето. Бидејќи имало сè помалку храна, а ситуацијата станувала сè поопасна,



луѓето или умирале или се преселувале.

Истражувачите велат дека во последната масовна гробница ископана пред градот да биде напуштен, многу од пронајдените останки веројатно им припаѓале на членовите на семејството *Кокома* (шефови на држави) - а ривалските фракции и социјалните немири довеле до крвав крај.

Движењето на луѓето во други делови на полуостровот *Јукатан*, вклучително и просперитетни крајбрежни градови и политички независни населби, помогнало културата на Маите да продолжи да напредува по падот на *Мајапан*.

*- Археолошките и историските записи се добри за испитување на влијанието на климатската криза врз историските општествени ефекти во текот на долготрајните циклуси. Областа на Маите нуди широчина и длабочина на археолошки, историски и климатски записи неопходни за проучување на врските помеѓу општествените промени и променливите климатски услови* - пишуваат истражувачите.

# Илин Маск: Нема шанси Путин да ја загуби војната во Украина

Американскиот бизнисмен и сопственик на социјалната мрежа *X*, **Илон Маск** се согласи со констатацијата дека финансиската помош што западните земји планираат да и ја испратат на *Украина* нема да ја промени ситуацијата на фронтот, туку само ќе го продолжи конфликтот и ќе доведе до смрт на уште 100.000 Украинци.



*Дојде време Бајден, **Макрон** и **Шолц** да го признаат поразот, како и дека Русија ќе го задржи Крим и новите територии"*, се вели во објавата што ја коментираше **Маск**. Навистина, напиша американскиот бизнисмен и заклучи:

*„Единствено прашање е колку деца ќе умрат пред да го признаат тоа."*

Еден ден претходно, **Маск** ја осуди изјавата на американскиот претседател **Џозеф Бајден** дека неподготвеноста на Конгресот да ја поддржи *Украина* ќе значи *„криминална небрежност"*.

Според **Маск**, *„украинската мелница за месо"* требало да биде прекината пред една година.

# ПОЧНА КАРНЕВАЛОТ ВО РИО ДЕ ЖАНЕИРО





Познатиот карневал во Рио де Жанеиро започна со традиционални паради на играчи, но и со парада на неколку десетици кучиња облечени во костими на сирени, суперхерои, пеперутки и кловнови, кои среќно трчаа со своите сопственици на омилената улична забава во бразилскиот град.

Петдневниот карневал е една од главните атракции на Рио де Жанеиро. Шарената парада на членовите на училиштата за самба се смета за најспектакуларната прослава од ваков вид во светот.

Бразилскиот министер за туризам вели дека 49 милиони луѓе учествуваат на карневалските настани низ целата земја. Се проценува дека околу 200.000 странци доаѓаат во Бразил за карневалот.

## ХУМОР - ХУМОР - ХУМОР - ХУМОР

Трпе бил на службен пат и отишол кај некоја проститутка.

- Колку?
- 100 евра!
- Важи, ама да водиме љубов на „македонски начин".
- Еее, нема проблем, што се сум доживеала, сигурно и тоа ќе го преживеам.

После бурната ноќ:

- Добро бе Трпе, навистина те бидувало за секс, ама што ти беше тоа „на македонски начин"?
- Ништо особено, ќе ти платам утре!



# ОТКРИЕН НОВ ЛЕК КОЈ МОЖЕ ДА ГО СТОПИРА СМРТОНОСНИОТ ОБЛИК НА РАК НА ДОЈКА



Австралиски научници тврдат дека направиле револуционерно достигнување во борбата со најсмртоносниот и најагресивниот рак на дојка. За разлика од традиционална хемотерапија, новиот лек CDDD11-8, кој се зема орално, селективно ги таргетира канцерогените клетки во ткивото на дојките, а здравите клетки ги остава неоштетени. Овој пристап функционира и на метастатски лезии отпорни на стандардната хемотерапија.

Најсмртоносниот рак на дојка, кој сочинува до 15% од сите случаи на рак на дојка, е огромен предизвик поради тоа што брзо расте, особено кај младите пациенти. Моменталните можности за лекува вклучуваат агресивна хемотерапија или најсовремена имунотерапија, со високи стапки на враќање на ракот во период од пет години.

Експертот за рак на дојка Тереза Хаки од Аделаид Универзитетот била лидер на студијата за CDDD11-8, кој првично бил дизајниран за акутна миелоична леукемија, Овој лек би можел да биде клучно решение за зголемување на стапката на преживување, вели Хаки.

Лекот го инхибира CDK9, односно клучниот пат за раст на акутната миелоична леукемија. Имено, ниту еден лек одобрен од американската Агенција за храна и лекови не го таргетира CDK9, поради што CDDD11-8 е потенцијално револуционерен лек. Во 2022 година лекот имал успех во инхибицијата на CDK9 во животински модели на леукемија, што на крајот довело до поголема стапка на преживување.

Но, CDDD11-8 исто така има голем потенцијал и за лекување на трикратно негативниот карцином на дојка. Со селективна инхибиција на CDK9, лекот спречува транскрипција, односно процесот кој го покренува побрзиот раст на ракот. Почетните експерименти на модели на клеточни линии покажаа намален раст на ракот со позитивни исходи на модели на живи глувци.

Австралискиот тим се надева на клинички испитувања на луѓе во наредните пет години.



REPUBLIKA ENTERTAINMENT
nexTime Band
SPECIAL GUESTS
GOCE DIMOVSKI & NIKOLA MICEVSKI
LAMBE Alabakoski
SYDNEY
APRIL 05
THE PAVILION SUTHERLAND
TICKETS: TICKETEK.COM.AU
INFO- GORAN BOMBA: 0411 244 202
REPUBLIKA: 0400 783 547
WOLLONGONG
APRIL 12
THE FRATERNITY
TICKETS- LIDIJA MITRESKA: 0475 823 540
PECE BUREK: 4276 2945
GOLD COAST
APRIL 14
ROBINA COMMUNITY CENTRE
TICKETS: TRYBOOKING.COM
INFO- LAZAR: 0431 184 155
MELBOURNE
APRIL 19
Q-ROOM THOMASTOWN
TICKETS: TRYBOOKING.COM
INFO- REPUBLIKA: 0400 783 547
PERTH
APRIL 27
MNO VARDAR
TICKETS- NAUM: 0413 233 232
DAME: 0433 286 770

# Џим Ратклиф доби дозвола од ПЛ и купува 25% од акциите во Јунајтед



Премиер лигата конечно и официјално му издаде дозвола на милијардерот Сер Џим Ратклиф за купување на 25% од акциите во Манчестер јунајтед.

Ретклиф ќе уплати сума од A$2.3 милијарди на сметката на семејството Глејзер, кое е доминантен сопственик на „ѓаволите“, а целата зделка била склучена и договорена во декември минатата година.

Богатството на Ретклиф е проценето на A$34.65 милијарда, а новиот ко-сопственик има големи планови за иднината на клубот и најавени се големи инвестиции во текот на следниот преоден рок. Навивачите на Манчестер јунајтед се презадоволни од овој потег и се надеваат дека ова е првиот чекор кон комплетното оттргнување на браќата Глејзер од клубот.

Тимот на Ерик Тен Хаг влезе во одлична форма периодов и прврпат после година ипол забележа три победи по ред во Премиер лигата.

ПАНДЕВ:

# Се снимаше документарец за репрезентацијата, но никогаш не се објави



Македонската фудбалска легенда, Горан Пандев гостуваше во шоуто „Еден на еден“ кај Жарко Димитриоски, а минатиот викенд беше објавен и вториот дел од интервјуто.

Пандев помеѓу другото зборуваше и за ситуацијата во Фудбалската федерација на Македонија, дека на гостувањата на македонската репрезентација било поважно во авион да има место за членовите на управниот одбор на ФФМ, отколку за масерите.

Исто така откри и дека се снимал документарец за патот на Македонија до Европското првенство, меѓутоа тој филм никогаш не излегол во јавност.

Според Пандев причината се тој, Стефан Ристовски и поранешниот селектор Игор Ангеловски...

- Имаше снимано филм документарец, со нас одеа сниматели. Се снимаше, но тој филм никогаш не излезе во јавноста затоа што во него беа Горан, Стефан, Мрме...па така се заборави.

Ангеловски бил скоро сменет пред Европското првенство...

- Јас лично застанав позади селекторот затоа што сакаа пред Европското првенство да го сменат, беше скоро сменет. Разговарав јас со претседателот, му кажав дека тоа би било срамно, едноставно се руши атмосфера. Мрме направи една хемија во репрезентацијата, зборуваше Пандев во разговорот.

НЕВЕРОЈАТНА ПРИКАЗНА:

# Го победи ракот, се врати на теренот и донесе титула за Брегот на Слоновата Коска





Брегот на Слоновата Коска уште долго ќе го памети овогодинешното издание на Африканскиот куп на нации, бидејќи на почетокот за малку ќе испаднеше во групната фаза, ги менуваше тренерите кои го водеа тимот, но на крајот успеа да победи во големото финале и да ја освои титулата.

Дури ни најдобриот филмски режисер не можеше да напише вакво сценарио, бидејќи во клучниот меч за титула голот за победа го постигна играчот кој го победи ракот откако го режираше транферот на кариерата.

Себастијан Але ја доби битката со ракот и се врати на терените минатата година, но ѕвездата на Борусија Дортмунд сега испиша неверојатна приказна со голот во завршниот чин на Африканскиот куп на нации.

Финалето започна со гол на Нигерија преку капитенот Трост Еконг, но домашната селекција предводена од публиката во Абиџан направи пресврт во вториот дел.

Франк Кеси ја искористи грешката на голманот на Нигерија за да израмни на 1:1, додека напаѓачот Але погоди на мајсторски начин за 2:1 и голема победа за Брегот на Слоновата Коска.

Оваа селекција по трет пат во својата историја стигна до најпрестижниот трофеј во Африка - претходно тоа го направи во 1992 и 2015 година.

# Сребрен медал за Витомир Трајковски на Европското првенство во карате



Витомир Трајковски го освои сребрениот медал на Европското првенство за кадети, јуниори и У-21 во Тбилиси, Грузија, откако финалето со Ерменецот Гор Нерсисјан заврши 3:3. Но, правилото прв освоен поен беше против него.

Сепак, ова е голем успех за каратистот на КК Макпетрол. Тој ја продолжи традицијата на освојување медали од големите натпреварувања, посебно од европските првенства.

Претставникот на скопскиот клуб е единствениот член на македонската репрезентација што на шампионатот се закити со одличје. На меѓународниот собир настапија над 1.100 каратисти од 49 земји.

Трајковски, кој се натпреваруваше во возрасната категорија У-21, се пласира во финалето во тежинската категорија до 84 килограми.

Витомир Трајковски претходно извојува четири победи во елиминацискиот дел од првенството. Тој ги оствари следните резултати против: Давиде Лучијани (Италија) 3:2, Мелос Гаши (Албанија) 1:0, Никита Сахвон (неутрален) 6:1. Членот на карате клубот Макпетрол во полуфиналето беше подобар од Салих Халиловиќ (БиХ) со 2:1.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Збоорувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### ШОК ЗА „КАРИОКИТЕ“:

## Аргентина го остави Бразил без Олимписки игри



Бразил е фудбалска велесила и селекција која има најмногу титули на мундијалите, но „кариоките“ во последните две децении не се на висина на задачата и доста често режираат разочарувања за своите фанови.

Во случајов Бразил не успеа да се пласира на Олимписките игри во Париз, беше поразен од аргентинската репрезентација со резултат 1:0 во натпреварот од последното, трето коло од јужноамериканските квалификации за Олимписките игри.

Стрелец на единствениот гол за аргентинската репрезентација беше Лучијано Гонда во 77. минута. Репрезентацијата на Аргентина (играчи до 23 години) ја предводи Хавиер Маскерано.

Првото место на табелата го освои Парагвај со седум бодови, додека Аргентина е втора со пет. Овие две селекции ќе играат на Олимписките игри во Париз. Бразил заврши на третото место во поредокот со три бода, додека Венецуела беше последна со еден бод.

Ова е првпат по 2004 година репрезентацијата на Бразил да не успее да се пласира на Олимписките игри.

Бразилскиот тим го освои златниот медал на Олимпијадата во Рио де Жанеиро во 2016 година, како и на Олимпијадата во Токио во 2021 година.

Аргентина беше олимписки шампион во 2004 година во Атина и 2008 година во Пекинг.

Досега на Олимпијадата во Париз се пласираа фудбалските селекции на Аргентина, Парагвај, Франција, Соединетите Американски Држави, Доминиканската Република, Шпанија, Израел, Украина, Мароко, Египет, Мали и Нов Зеланд.

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 1 КОЛО

## Алтона Маџик Вардар – Хајделберг Јунајтед 0:1



Минатата сабота започна новата сезона на најсилната лига во Викторија, во која претставник на македонската заедница е Алтона Маџик Вардар. За жал на првиот натпревар, што се играше на прекрасно летно време, поуспешен беше гостинскиот тим кој со единствениот гол на Асахи Јококава во 29 минута ги освои трите бодови.

Разликата беше во нијанси и додека во првото полувреме доминираа гостите во вториот дел и Алтона Маџик имаше свои моменти. Но Не е лесно кога се игра со речиси комплетно нова екипа.

Подмладокот на Алтона Маџик играше нерешено 2:2.

Ќе биде потребно време да се уигра тимот на Алтона Меџик Вардар оваа сезона, бидејќи е целосно изменет од минатата година, кога обезбеди пласман во финалната серија а го имаше и најдобриот стрелец во НПЛ, Џонас Марковски.

Клубот го напуштија тренерот Џон Марковски, а со него заминаа и поголем број фудбалери од првиот состав како: Куба, Семи, Воерндл, Кастиело, браќата Марковски итн.

Новиот тренер на "црвен црните" е познатото фудбалско име Горан Лозановски, кој со новите фудбалери ќе треба да го постигне максимумот.

Алтона Маџик Вардар: Хејден Браун, Матиас Гонзалес, Арон Одрискол, Недим Скендеречиќ, Џон Стојчевски, Натан Либерто, Стефен Ловлес, Дарси Анастасовски, Сад Мукачер, Бул Јуач и Даниел Фабризио.

Во петок, на 16 февруари, Алтона Маџик Вардар гостува кај Данденонг Сити со почеток во 19:45 часот.

### РОКДАЕЛ ИЛИНДЕН ЈА ЗАПОЧНУВА СЕЗОНАТА

Националната премиер лига на НЈВ започнува оваа седмица, а нашиот претставник Рокдаел Илинден игра в сабота, на 17 февруари со Сент Џорџ Сити, на Спортскиот центар Илинден со почеток во 19:15 часот.

### СИДНЕЈ МАКЕДОНИЈА ВО ПЕТОК ЈА ЗАПОЧНУВА СЕЗОНАТА

Првото коло на Националната Премиер Лига 2 на НЈВ се игра оваа седмица. Нашиот претставник в петок, на Ценсен Парк домот на Сиднеј Македонија ја пречекува екипата на Интер Лајонс, со почеток во 20 часот.

## СИДНАМ ПАРК МАКЕДОНИЈА СО ПОДОБРЕН СТАДИОН ЗА НОВАТА СЕЗОНА



Официјално беше отворен реновираниот стадион на Сиднам Парк Македонија, од локалната парламентарка Натали Хатчинс и градоначалничката Ранка Расиќ. Стадионот на Сиднам Парк во Keilor Lodge Reserve, сега има два терени со полна голоемина и доби осветлување за вечерни натпревари.

Подобрувањето на стадионот беше финансирано со еден милион долари од општина Бримбанк и половина милион од владата на Викторија.


Markovski MEMORIALS

www.markovskimemorials.com.au

Добивате бесплатна кутија за свеќи со порачка на споменик!

Markovski Memorials е македонска семејна компанија што прави споменици над 25 години. Ние сме специјализирани за изградба на уникатни споменици, надгробни плочи, натписи, реставрации и скулптури.

Изработуваме споменици од гранит и мермер, керамички фотографии, вазни, кутија за свеќи и дополнителен натпис.

За дополнителни информации и цена јавете се на Роберт Марковски на моб: 0413 853 402



1/24-30 Taryn Drive, Epping, VIC 3076

СПЕКТАКУЛАРЕН СУПЕРБОЛ ВО НФЛ:

# Канзас Сити ја одбрани титулата во последните секунди!






Тимот на Канзас Сити Чифс го победи Сан Франциско во Лас Вегас со 25:22 по продолжение и на тој начин ја одбрани титулата во НФЛ лигата. Тие воедно станаа првиот тим по Њу Инглaнд Патриотс од 2005 година кој ја одбранил титулата.

Очекувано, и 58-то издание на Супербол донесе одличен спектакл. Тоа е ден во кој цела Америка е на нозе, а и овој пат гледачите имаа што да видат. Годинашниот Супербол воедно стана најгледан настан во историјата на американската телевизија, објави НФЛ - го следеле 123.4 милиони луѓе.

За МВП беше прогласен бекот Патрик Махоумс, кој мечот го заврши со 333 фрлања и 66 истрчани јарди.

Двете екипи поделија вкупно 13,4 милиони американски долари, односно секој играч од победничкиот состав доби по 164.000 американски долари, додека во поразениот добија по 89.000 долари. Ова е зголемување од 7.000 долари во просек по играч во однос на минатата сезона, а за плејофот беа поделени и парични награди при што играчите на Чифс добија 338.000 американски долари, додека Сан Франциско околу 250.000 долари.

# „Ферари" го претстави новиот болид



Славниот тим италијански „Ферари" во ексклузивното автомобилистичко натпреварување го претстави новиот болид „SF-24" кој ќе се натпреварува во претстојната сезона во Формула 1.

Тимскиот шеф Фредерик Васур рече дека „тимот мора да продолжи онаму каде што застана минатата сезона" кога возачот на „Ферари", Шарл Леклер, освои три пол-позиции на последните пет трки од минатогодишниот шампионат.

- Минатата година беше особена со тежок почеток и прилично добар финиш на сезоната. Ќе има подеми и падови, но најважно е да останеме доследни на нашиот пристап, рече Васур.

- Очекувам исчекор во однос на минатата година кога станува збор за болидот. Според впечатокот што го добив во симулаторот, мислам дека работата е завршена добро. SF-24 треба да биде помалку чувствителен и полесен за возење, рече Леклер.

Предсезонските тестирања ќе се одржат од 21 до 23 февруари во Бахреин, а новата сезона ќе започне на 2 март со Големата награда на Бахреин.

## Хамилтон има реални шанси да му донесе титула на „Ферари"

Двократниот светски шампион во Формула 1 и возач на „Астон Мартин", Фернандо Алонсо, смета дека со преселбата на Луис Хамилтон, тимот на „Ферари" ќе биде меѓу фаворитите за титулата во 2025 година.

- Последниве неколку години, „Ферари" има многу брз болид и се бори за големи работи. Можеби, Луис може да го донесе тоа дополнување во шампионската борба. Болидот е тука – изјави Алонсо, а пренесе Би-би-си.

Шпанскиот возач потсети дека на последните пет трки од минатата сезона, „Ферари" имало повеќе пол-позиции од „Ред бул", кои доминираа и ги освоија титулите во конкуренција на возачи и на конструктори.

СЕНЗАЦИЈА НА ВАТЕРПОЛО МУНДИЈАЛОТ:

# Европскиот првак елиминиран од тотален аутсајдер



Ватерполо репрезентацијата на Унгарија нема да ги обедини европската и светската титула бидејќи доживеа сензационална елиминација во четвртфиналето од Мундијалот што се одржува во Катар.

Во последниот четвртфинален дуел, Унгарците загубија од Франција со 10:11 иако на полувреме водеа со 7:3, предност што обично за нив значи сигурна победа.

Ова е најголем успех за Франција на светските првенства каде лани беа шести, но најголемите успеси во овој спорт, „триколорите" ги оствариja пред речиси еден век. На Олимписките игри во 1924 го освоија златото, а во 1927 година беа европски вицешампиони. Оттогаш не би биле ни блиску до ваков успех.

# Алкараз: Ролан Гарос е одличен турнир, но сакам олимписко злато!



*Олимписното злато годинава е цел не само на Алкараз туку и на Ѓоковиќ*

Шпанскиот тенисер и моментно втор на АТП-листата зад Новак Ѓоковиќ, Карлос Алкараз, ги кажа своите планови за продолжение на сезоната во 2023 година.

Тој планира да настапи на Ролан Гарос и да ја нападне титулата, но вели дека поважно за него е да го освои олимпиското злато во Париз.

- Би сакал олимписка титула затоа што за мене е сон да ѝ донесам медал на мојата татковина. Олимписко злато е една од најголемите работи во спортот. Ролан Гарос е одличен турнир и ќе се обидам да го освојам, но нема да се чувствувам лошо ако не го кренам пехарот, кажа Алкараз.

Ролан Гарос е закажан за период од 20 мај до 9 јуни оваа година, додека Летните олимписки игри ќе се одржат од 26 јули до 11 август.

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970
AAVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО · УДОБНО · СИГУРНО · ВЕ ОЧЕКУВАМЕ · НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
A LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
СПОРТ
ISSN 1442-195X

## ВИКТОРИСКА ПРЕМИЕР ЛИГА, 1 КОЛО

# БУЛИН ЛАЈОНС – ПРЕСТОН МАКЕДОНИЈА 1:1




На првиот натпревар со кој започна сезоната за Престон Македонија се играше во гости на стадионот „Венето“ со добро познатиот противник Булин. Прекрасна вечер во која голем број навивачи дојдоа да ги бодрат “лавовите" на мечот под рефлектори. Домаќинот прв успеа да постигне гол во еден добар напад во 20 минута, а стрелец беше Марк Карте за 1:0. Престон Македонија набргу изедначи после досудениот пенал и прецизното изведување на Чок Дау за 1:1.

Ова беше прв натпревар во дресот на Престон на брзиот Дау кој дојде од Западна Австралија како засилување во тимот.

Престон Македонија минатата сезона беше анемичен во завршницата од првенството но затоа пак се најде на листата клубови што ќе ја формираат новата втора лига во Австралија која ќе започне во 2025 година.

Од овие причини клубот за новата сезона потпиша договори со поголем број нови играчи за да се претстави во што подобро издание во првата Премиер лига на Викторија, но и да послужи како база за составување квалитетна екипа за новата лига.

Тренерот на Престон Македонија, Љупче Ацевски и претседателот Дејвид Цветковски со управата направија се во новата сезона клубот да е подготвен на секое поле и да се обиде уште еднаш да се потврди дека е клуб со најбројни и најверни навивачи во Викторија.

Во петок, на 16 февруари, Престон Македонија ја пречекува екипата на Мелбурн Виктори со почеток во 20:30 часот.

# ВОЛКАНОВСКИ ПРОТИВ ТОПУРИЈА ОВАА НЕДЕЛА



Австралискиот борец со македонско потекло Александар Волкановски во недела ќе се соочи против Илија Топурија во рамки на УФЦ 298 настанот.

Еден од навивачите на Волкановски е и фудбалската супер ѕвезда Кристијано Роналдо, кој му даде поддршка преку социјалните мрежи.

„Напред, шампионе“, напиша Роналдо на објавата на Волкановски на Инстаграм.

Шампионот на УФЦ во перо категорија, Александар Волкановски откри детали за минатиот реванш со Ислам Махачев во октомври 2023 година. Тогаш тој ја прифати борбата со Махачев во повисоката категорија до 70 килограми со само 12 дена најава, бидејќи првично планираниот противник на Дагестанецот, Чарлс Оливеира, се повреди. Популарниот Волк тогаш беше нокаутиран во првата рунда и вели дека борбата му послужила како понизно искуство.

„Тоа за мене беше како удар во задникот. Не бев дисциплиниран. Луѓето знаат дека сум дисциплиниран цела година, но овој пат не бев. Бев разочаран. Пиев секој ден три до четири недели. Никогаш порано не сум го правел тоа. Само што излегов од операција и го победив Жаир Родригез. Се здебелив на 84 килограми бидејќи продолжив да пијам. Сите во собата се смееја бидејќи никогаш не сум бил толку тежок“, изјави Волкановски.

Сега натпреварувачот во „Слободен стил ММА“ е пред предизвик во својата дивизија. Појасот во 14 часот, ќе го брани на 18 февруари против непоразениот ММА Илија Топурија. Судирот ќе биде главен на UFC 298 во Анахајм, Калифорнија.

